**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр. 11-2512**
**21.05.2014 година**
**С к о п ј е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 6, став 1, алинеја 4 и 13, член 23, став 1, алинеја 1, член 141 став 13 и член 152 ставови 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/14) и Извештајот бр. 11-2829/1 од 16.05.2014 година, а во согласност со Заклучокот бр. бр.02-2846/7 од 21.05.2014 година, поради рееемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовузулени медиумски услуги, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, на 31-та седница, одржана на 21.05.2014 година, донесе:

**Решение**
**за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси**

1. СЕ ОПОМЕНУВА ТРД Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, **Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа Ињо Стојановски ИГМАС-НЕТ ДООЕЛ Битола** заради повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/14) сторена на ден 14.05.2014 година, односно поради реемитување на телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Eurosport, Sport Klub (SK3), AXN, Fen TV, Sport Klub (SK1), Ultra, Boomerang, Визија, Боем, Sport Klub (SK2), OBN, RTS-SAT, HRT1, Lov i ribolov, Cinemania, Folklor, BOM, Discovery Channel, Planeta, RTL, HRT3, K-15 music, mini ultra, BN Music, Aljazeera Balkans и Golf Klub.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на **Трговското радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа Ињо Стојановски ИГМАС-НЕТ ДООЕЛ Битола** веднаш по приемот на ова решение, да го исклучи реемитувањето на следниве нерегистрирани телевизиски програмски сервиси, и тоа: Eurosport, Sport Klub (SK3), AXN, Fen TV, Sport Klub (SK1), Ultra, Boomerang, Визија, Боем, Sport Klub (SK2), OBN, RTS-SAT, HRT1, Lov i ribolov, Cinemania, Folklor, BOM, Discovery Channel, Planeta, RTL, HRT3, K-15 music, mini ultra, BN Music, Aljazeera Balkans и Golf Klub, и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Потврдата од став 1 на оваа точка, специфицирана е во Извештајот бр. 11-2829/1 од 16.05.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по дадениот налог односно опомена (во целост или делумно не постапил).

4. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 14.05.2014 година, изврши вонреден програмски надзор на програмски сервиси реемитувани во аналогниот програмски пакет на операторот **ИГМАС-НЕТ ДООЕЛ Битола**, при што констатираше дека е направена повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014), на начин што **Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа Иљо Стојановски ИГМАС-НЕТ ДООЕЛ Битола**, реемитувало домашни и странски телевизиски програмски сервиси кои не се регистирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Повредата се состои од реемитување на телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Eurosport, Sport Klub (SK3), AXN, Fen TV, Sport Klub (SK1), Ultra, Boomerang, Визија, Боем, Sport Klub (SK2), OBN, RTS-SAT, HRT1, Lov i ribolov, Cinemania, Folklor, BOM, Discovery Channel, Planeta, RTL, HRT3, K-15 music, mini ultra, BN Music, Aljazeera Balkans и Golf Klub.

Следствено на тоа, а врз основа на член 23, став 1, алинеја 1, член 141 став 13 и член 152 ставови 4 и 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и Извештајот бр. 11-2829/1 од 16.05.2014 година, а во согласност со Заклучокот бр. бр.02-2846/7 од 21.05.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, наведено во точка 1 на ова

решение, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 31-та седница одржана на ден 21.05.2014 година, донесе Решение за преземење мерка, односно за исклучување на реемитувањето на нерегистрираните програмски сервиси.

Агенцијата му наложи на операторот исклучувањето да го изврши веднаш по приемот на решението и да го усогласи своите работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги. Исто така, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали **Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа Иљо Стојановски ИГМАС-НЕТ ДООЕЛ Битола**, постапило по налогот односно опомената и престанал со реемитување на програмските сервиси во својот аналоген програмски пакет, кои не се регистрирани во Агенцијата, а се наведени во точка 1 и 2 на ова решение.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог бр.1. Извештај бр. 11-2829/1 од 16.05.2014 година

Доставено до:
- Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа Иљо Стојановски ИГМАС-НЕТ ДООЕЛ Битола;
- Управителот на Трговско радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа Иљо Стојановски ИГМАС-НЕТ ДООЕЛ Битола;
- Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.